РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-4272/6
20.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од тринаесеттата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 7.10.2025 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, д-р Ивана Стојановска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори тринаесеттата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата почна во 20:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување Предлог-записник од дванаесеттата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.9.2025 година.
2. Извештај од мониторингот во периодот од распишување на изборите до почетокот на кампањата за Локалните избори 2025 година, од 10 август до 28 септември.
3. Предлог за покренување прекршочна постапка против ТРД ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево за прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик.
4. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – услуга: Одржување на хардвер на системот за мониторирање на радио и ТВ-сервиси и надзор на ОЈЕКМ.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – стока: Електрична енергија.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од дванаесеттата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.9.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Во своето излагање, д-р Трајчевски најави дека ќе даде краток воведен осврт, додека подетални информации и одговори на евентуални прашања ќе презентира раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска. Тој истакна дека според заклучоците од клучните наоди, во анализираниот период не се утврдени прекршувања на одредбите од Изборниот законик од страна на радиодифузерите опфатени со мониторингот на Агенцијата. Јавниот сервис ги исполни своите законски обврски, додека комерцијалните телевизии ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 21-М и ТВ 24 Вести во најголем дел се придржуваа кон начелата за објективно и непристрасно известување, обезбедувајќи еднаков третман на различни гледишта и мислења. На тој начин, публиката имаше можност слободно да формира сопствено мислење за настаните и прашањата од јавен интерес и да донесе информирана одлука за кого ќе го даде својот глас на претстојните избори. Како исклучок, д-р Трајчевски посочи дека ТВ Алфа не го почитувала ова начело ниту квантитативно ниту квалитативно, додека ТВ Алсат-М не го почитувала доследно од квалитативен аспект. Во овој мониторинг период не се предвидени санкции за непочитување на професионалните новинарски стандарди. Тој изрази очекување дека со започнувањето на изборната кампања, овие два медиума ќе го подобрат начинот на известување, со што Агенцијата нема да има потреба да покренува законски постапки согласно Изборниот законик. Директорот, исто така, нагласи дека за секој од деветте програмски сервиси – јавниот сервис и седумте комерцијални телевизии е подготвен детален извештај за квалитативниот и квантитативниот аспект на известувањето во периодот од распишувањето на изборите до почетокот на кампањата, од 10 август до 28 септември 2025 година.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, постави техничко прашање до раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска. Тој се интересираше дали субјектите наведени во табелите од Извештајот за мониторингот на радиодифузерите се подредени по азбучен ред или според друг критериум, забележувајќи дека политичкиот субјект „Вреди“ е позициониран на крајот од листата.

Раководителката м-р Емилија Јаневска појасни дека субјектите не се подредени по азбучен ред, бидејќи апликацијата што ја користи службата за мониторинг, „НАВС“, е во употреба подолг период и се применува во различни изборни процеси. Таа објасни дека субјектите не се внесуваат повторно за секои избори, туку се користат веќе постоечките записи од базата, со цел да се избегне непотребно оптоварување на системот. Поради тоа, одредени субјекти имаат пониски сериски броеви (на пример 1 или 2), а други повисоки (како 396), во зависност од времето кога првпат биле внесени во системот. Јаневска нагласи дека овие броеви немаат никаква поврзаност со бројките што ги доделува Државната изборна комисија (ДИК), туку се однесуваат исклучиво на внатрешната база на податоци на Агенцијата. Дополнително објасни дека секој субјект, кога првпат се појавува во изборен процес, добива уникатен број во системот. Ако

истиот субјект повторно учествува под исто име, на пример од Локалните избори 2021 година до тековните избори, му се задржува истиот број од базата. Оттука, подредувањето на субјектите во табелите не е ниту по азбучен ред, ниту според редоследот утврден со ждрепката на ДИК, туку според редоследот по кој се евидентирани во базата на податоци на Агенцијата.

Директорот д-р Зоран Трајчевски дополнително појасни дека на почетокот на мониторингот, на 8 август, ДИК сè уште немала спроведено ждрепка за редоследот на субјектите. Поради тоа, Агенцијата во тој момент не можела да го примени распоредот утврден од ДИК.

Раководителката на Програмскиот сектор, м-р Емилија Јаневска, објасни дека резултатите од мониторингот покажуваат дека во периодот од 10 август до 28 септември 2025 година, кој се смета за предизборен период, во информативните емисии на анализираните телевизии на државно ниво имало мал број прилози директно поврзани со Локалните избори. Таа посочи дека најголем дел од прилозите поврзани со изборите се однесувале на прашањето за статусот и изборните можности на независните кандидати, тема што предизвикала значително медиумско внимание и била обработена од сите анализирани медиуми. Дополнително, дел од известувањето се однесувал на активностите на Државната изборна комисија и општинските изборни комисии, особено во врска со процесот на комплетирање на листите со кандидати. Медиумите, исто така, известувале за партиските шпекулации во врска со можните коалиции, како и за очекувањата на експертите и политичките аналитичари во однос на нивното формирање и на комуникациските стратегии во претстојната изборна кампања. Јаневска нагласи дека прилозите што се однесуваат на Локалните избори главно биле концентрирани во овие неколку тематски области. Сепак, медиумите покажале значителен интерес и за други актуелни теми во периодот на предизборието. Меѓу најзастапените биле прилозите за пожарите, и нивните економски, здравствени и еколошки последици. Забележливо било и присуството на прилози посветени на евроинтеграциите и активностите на Владата, како и на последиците од пожарот во дискотеката „Пулс“ во Кочани, кој предизвикал значителен јавен интерес. Раководителката истакна дека карактеристично за анализираниот период е тоа што речиси сите телевизии одвоиле значајно време во своите информативни емисии за известување за редовните активности на Владата. Тоа било највидливо кај ТВ Алфа и ТВ Сител, кои посветиле приближно по седум часа од вкупното време на вестите на ваквите прилози, при што кај ТВ Сител околу половина од ова време се однесувало на интервјуа реализирани во рамки на вестите. Јаневска нагласи дека, како што претходно посочил и директорот д-р Зоран Трајчевски, медиумите генерално ги почитувале професионалните принципи и стандарди при известувањето. Во однос на јавниот радиодифузен сервис – Македонската радио-телевизија (МРТ), таа истакна дека се исполнети обврските за информирање за изборниот процес, но делумно е исполнета обврската за организирање дебатни емисии. Според Изборниот законик, јавниот сервис има обврска од денот на распишување на изборите да организира соочувања меѓу најголемите политички партии од власта и опозицијата, а од почетокот на изборната кампањата со учесниците во изборниот процес. Во наведениот период, МРТ организирала четири дебатни емисии на Првиот телевизиски програмски сервис и две на Вториот телевизиски програмски сервис, но во нив гости биле политички аналитичари, а не претставници на политичките партии, што претставува делумно исполнување на законската обврска. Јаневска ја истакна и праксата на повеќе

комерцијални телевизии да посветат внимание на изборниот процес преку специјални информативни емисии, интервјуа и дебати. Така, интервјуа емитувале ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ 21-М, ТВ Сител и ТВ 24 Вести, додека дебатни емисии организирале ТВ 24 Вести, ТВ Телма и ТВ 21-М. За овие емисии било карактеристично што гости биле претежно политички аналитичари и експерти, а не политички претставници.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, забележа дека во образложението на раководителката Јаневска комерцијалните телевизии се наведени со нивните официјални имиња, додека Македонската радио-телевизија е спомната како „јавен сервис". Тој предложи и во иднина сите медиуми да се наведуваат со нивните официјални имиња, укажувајќи дека во Централниот регистар МРТ не е заведена под називот „јавен сервис", туку под своето полно име Македонска радио-телевизија (МРТ).

Раководителката м-р Емилија Јаневска појасни дека, според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), Македонската радио-телевизија е јавен радиодифузен сервис, кој опфаќа и радио и телевизиски програмски сервиси. Поради тоа, во извештаите на Агенцијата се користи терминот „јавен сервис" како нормативен опис, а не како заменка за официјалното име на установата.

**Точка 3**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи предлогот за покренување прекршочна постапка против ТРД ТВ Гураа ДООЕЛ Кичево, поради прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик. Тој информира дека од денот на почнување на изборната кампања, 29 септември, при мониторингот на повеќе радиодифузери било утврдено пречекорување на дозволените лимити за платено политичко рекламирање (ППР). Кај РА Канал 77 било забележано надминување на дозволеното времетраење на платено политичко рекламирање за ВМРО–ДПМНЕ, кај ТВ 21-М за коалицијата ВЛЕН, а кај ТВ Гурра, како и можеби кај уште неколку радиодифузери, исто така било констатирано пречекорување. Сите радиодифузери биле навремено контактирани од страна на Агенцијата, при што било утврдено дека во најголем дел станува збор за техничка грешка. По укажувањето од страна на Агенцијата, пречекорувањата не се повториле кај ниту еден од радиодифузерите, освен кај ТВ Гурра. Кај овој радиодифузер, пречекорувањето се однесувало на платено политичко рекламирање за коалицијата Влен и коалицијата предводена од политичката партија ДУИ. И покрај првичните укажувања од страна на Агенцијата, ТВ Гурра продолжила да емитува платени политички спотови со времетраење што ги надминува законски утврдените временски рамки согласно Изборниот законик. Поради утврдените неправилности, се предлага покренување прекршочна постапка против ТРД ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево, при што во Извештајот од мониторингот се наведени сите констатирани прекршувања во детална форма.

Советничката Зирјета Јајага постави прашање дали, и покрај тоа што Агенцијата стапила во контакт со ТВ Гурра и им било укажано на констатираната грешка, радиодифузерот повторно продолжил со истото прекршување.

Директорот д-р Зоран Трајчевски објасни дека Секторот за програмски работи бил во директна комуникација со ТВ Гурра и им укажал на конкретното пречекорување на дозволените лимити за платено политичко рекламирање. Сепак, и покрај дадените укажувања, радиодифузерот продолжил со повторување на прекршувањето. Тој посочи

дека, според негово мислење, некои локални радиодифузери погрешно претпоставуваат дека Агенцијата нема можност за следење на нивната програма од Скопје. Објасни дека тоа не е точно, бидејќи Агенцијата располага со посебен систем за мониторинг, преку кој кабелските оператори го доставуваат сигналот во Скопје, по што Агенцијата го презема и следи програмскиот материјал со задоцнување од еден час. Д-р Трајчевски додаде дека ТВ Гурра има нов сопственик од минатата година и претпостави дека можеби поради непознавање на системот на работа на Агенцијата, сметаат дека нивната програма не е достапна за мониторинг од страна на АВМУ во Скопје. Тој истакна дека и по повеќекратни укажувања од страна на Агенцијата, ТВ Гурра продолжила со истата динамика на прекршување на законските одредби.

Заменик-претседателката на Советот на Агенцијата, м-р Зирјета Јајага, побара појаснување дали радиодифузерот, и по укажувањата од Агенцијата, продолжил да го пречекорува дозволеното време за платено политичко рекламирање во корист на коалицијата „Влен“ и коалицијата предводена од ДУИ. Директорот Трајчевски потврди дека прекршувањето продолжило и по дадените укажувања.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, истакна дека Агенцијата и Советот постапуваат со висок степен на толеранција, имајќи разбирање за можни технички грешки во работењето на радиодифузерите. Сепак, тој нагласи дека по дадено предупредување, доколку субјектот не постапи согласно законските одредби, ќе следуваат соодветни санкции.

Членот на Советот Петар Ѓуровски постави прашање за висината на глобата што ја плаќаат радиодифузерите во случај на непочитување на Законот.

Директорот, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека висината на глобата ја утврдува судот, земајќи ги предвид тежината на прекршокот, бројот на вработени во радиодифузерот и остварени приходи.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, додаде дека согласно Изборниот законик, за правното лице е пропишана глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност, додека за одговорното лице во радиодифузерот е предвидена глоба во висина од 30 % од изречената глоба за правното лице. Таа истакна дека судот при одмерување на висината на казната ги цени сите олеснителни и отежнителни околности под кои е сторен прекршокот, имајќи ги предвид одредбите од Законот за прекршоци.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор над изборното медиумско претставување бр.10-4278/1 од 7.10.2025 на Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево и утврди дека спротивно на одредбите од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, програмскиот сервис на радиодифузерот, на 30. 9.2025, 2.10.2025, 3.10.2025 и 4.10.2025 година, за време на првиот круг од Локалните избори 2025 година, во неколку реални часови емитувана програма ги надмина дозволените лимити за платено политичко рекламирање, и тоа:

- со емитување платено политичко рекламирање за коалицијата „Влен“ ги надмина дозволените лимити од најмногу 4 минути (240 секунди) на реален час за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, и

- со емитување платено политичко рекламирање за коалицијата „Национална алијанса за интеграција“ – НАИ ги надмина дозволените лимити од најмногу 4 минути (240 секунди) за двете најголеми политички партии од опозицијата кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови

Согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик, Советот на Агенцијата едногласно заклучи да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд против ТРД ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

Точка 4

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – услуга: одржување на хардвер на системот за мониторирање на радио и ТВ-сервиси и надзор на ОЈЕКМ. Таа појасни дека станува збор за редовна јавна набавка, предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2025 година. Средствата за реализација на набавката се обезбедени преку Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, а дополнителни средства ќе бидат обезбедени со Финансискиот план за 2026 година. Митревска информираше дека, според проценетата вредност на набавката, постапката ќе биде спроведена како отворена постапка согласно одредбите од Законот за јавни набавки. Постапката ќе биде објавена преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), како и преку оглас во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Таа додаде дека сите дополнителни релевантни податоци и детали за набавката се содржани во материјалите доставени до членовите на Советот.

Господинот Сашо Стефановски праша дали станува збор за редовна постапка што се спроведува на секои две години и дали Агенцијата и во претходниот период ја реализирала истата набавка.

Раководителката Цветанка Митревска одговори дека се работи за редовна постапка со склучување договор кој се склучува на период од две години, и информираше дека актуелниот договор ќе истече за околу еден месец, поради што навремено се почнува со новата постапка за јавна набавка.

Членот на Советот Виктор Павловски истакна дека разбрал дека се работи за редовна набавка предвидена во Годишниот план на Агенцијата, но, сепак, праша дали може да настане судир со законските ограничувања, имајќи предвид дека државата се наоѓа во изборен период.

Раководителката Митревска појасни дека не постои никаква законска пречка за спроведување на оваа постапка, бидејќи станува збор за набавка што е однапред предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата. Таа додаде дека во изборен период не е дозволено да се дополнува Годишниот план со нови набавки, но редовните планирани постапки се спроведуваат без проблеми, како што било и во досегашните изборни процеси.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување постапка за јавна набавка - услуга: одржување на хардвер на системот за мониторирање на радио и ТВ-сервиси и надзор на ОЈЕКМ.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – стока: електрична енергија. Таа појасни дека станува збор за редовна јавна набавка, предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2025 година, а средствата се обезбедени преку Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година. Митревска нагласи дека овој тендер ќе се спроведе како групна набавка заедно со Министерството за спорт, бидејќи двете институции се сместени во иста зграда и имаат идентични потреби за електрична енергија. Агенцијата ќе ја спроведе постапката и за Министерството за спорт, како дел од групната набавка. Постапката ќе биде реализирана како отворена постапка, согласно одредбите од Законот за јавни набавки, и ќе почне со објавување оглас во Електронскиот систем за јавни набавки, како и со објава во „Службен весник на Република Северна Македонија". Раководителката истакна дека сите дополнителни релевантни податоци и детали за набавката се содржани во материјалите доставени до членовите на Советот.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување постапка за јавна набавка - стока: електрична енергија.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно".

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**